АСОЦИЈАЦИЈА ЗА GS1 СТАНДАРДИ
GS1 МАКЕДОНИЈА

Македонија

*Предлог*

# Извештај за работа
## на GS1 Македонија во 2010 година

Април 2011 година
Скопје

# ИЗВЕШТАЈ

# за работа на GS1 Македонија во 2010 година

Програмата на активностите на GS1 Македонија за 2010 година, која Управниот одбор ја утврди а Собранието на GS1 Македонија ја донесе, е реализирана во целост, со фокусирање на :

1. ***Тековна работа со членките***
2. ***Реализација на Проектот Акредитација***
3. ***Реализација на Проектот GEPIR***
4. ***Национална и меѓународна афирмација, презентација и промоција на GS1 Македонија***
5. ***Реорганизација на деловните процеси***
6. ***Финансиски резултати***

## *1. Тековна работа со членките*

Во текот на 2010 година во активностите на GS1 Македонија доминираше тековната работа со фирмите, што резултираше со зголемување на членството со **93 нови** фирми и **наплата на повеќегодишни заостанати побарувања** по основ на членарина (за 10 години station наназад), што е огромно достигнување и потфат за одбележување.

Според прецизната евиденција на GS1 Македонија, од 1994 година до 2010 година издадени се вкупно **1,673** Единствени матични GS1 броеви за баркодирање/ што условно се смета за **вкупен број** на членки. Од тој број, на 31.12.2010 год. **1,288 се активни членки,** бидејќи 385 фирми во 2007 година се префрлени во архивската база, те. избришани се од регистарот на членки по разни основи согласно Статутот на GS1 Македонија ( неподмирени обврски подолги години, ликвидирани, отишле во стечај, извршиле разни трансформации на општествената сопственост, промениле сопственичка структура, избришани од Управата за јавни приходи и од Централниот регистар на РМ и тн.) Треба да се напомене дека со извршеното чистење на базата во 2010 година со бришење на уште 359 фирми кое ќе се официјализира со одлуките на телата во 2011 година, реално активни членки во 2011 година ќе бидат 929 фирми.

Доминантен број на членките, 99.5%, се мали и средни фирми. Структурната застапеност на членството по дејности останува и во 2010 година иста, одн. доминираат секторот преработувачка индустрија (најголем дел производство и преработка на прехранбени производи, пијалоци) и секторот на трговијата, со приближно изедначено учество од околу 50%, додека учеството на останатите сектори е минимално.

Постигнатите резултати се презентирани сумарно.

Во текот на 2010 година, **издадени се 135 решенија за доделување на Единствен матичен GS1 број**. Од вкупниот број издадени решенија, 93 се однесуваат на новозачленети фирми, 2 фирми го реактивирале сопствениот GS1 број ( со наплата на двојна пристапнина), 2 фирми се реактивирани со преотстапување на GS1 бројот, 22 го преотстапиле GS1 бројот на друга фирма, 14 фирми го прошириле

капацитетот, 2 фирми го намалиле капацитетот. Од 93 новозачленети, 84 фирми се со капацитет за баркодирање до 100 различни артикли, 7 фирми се со капацитет за баркодирање до 1,000 различни артикли, 2 фирми со капацитет до 10,000 артикли. Од 14 членки кои го прошириле капацитетот, 11 членки добиле решение за проширување од 100 на 1,000 артикли, 1 членка од 100 на 100,000 артикли, 1 членка од 1,000 на 10,000 и 1 членка од 10,000 на 100,000 артикли.

Потпишани се вкупно **140 Договори за членство во GS1 Македонија** и тоа по основ на: новозачленување 93 фирми, преотстапување 22, проширување на капацитет 14, реактивирање на GS1 број 4, обновување на договори со стари членки 7.

Со сите 140 фирми со кои е потпишан Договор за членство, при предавањето на целокупната документација, се обавува **интерактивна едукација** за основните правила и начела на функционирањето на GS1 системот и за правилната и веродостојна примена на GS1 стандардите, со посебен акцент на спецификите на дејноста која фирмата ја обавува.

Во делот на обуката е и објаснувањето за **калкулаторот** - апликацијата на новата услуга која GS1 Македонија ја пружа на своите членки со изготвување на листа на сите можни баркодови кои фирмата во текот на своето работење може да ги користи, во зависност од одбраниот капацитет (од 100-100,000 баркодови). Оваа услуга високо ја оценуваат членките, бидејќи им се олеснува работата во процесот на имплементирање на баркодовите, а воедно GS1 Македонија обезбедува поквалитетна и доследна примена на GS1 стандардите и принципите за баркодирање во Републиката. Обезбеден е двоен бенефит: за производителите - дека изготвениот баркод е точен, производот подготвен за национална и меѓународна дистрибуција, имаат евиденција за сите аплицирани баркодови, а за трговците - дека нема да имаат проблеми со дуплирани или неквалитетни баркодови, со што се зголемува нивната брзина на евидентирање на наплатните места, одн. се зголемува продуктивноста и ефикасноста во работата и се остварува поголем профит.

Како еден сегмент од едукацијата, за поедини извозно ориентирани фирми е дадена стручна помош при изготвување на **логистичка етикета** во процесот на следливоста, зададени како задолжителен услов од странските купувачи при реализација на извозот.

Континуирано се остварува **комуникација со членките** преку сите можни средства на комуникација, давани се стручни совети и објаснувања, потсетувано е за измирување на обврската за членарина и ажурирање на базата на GS1Македонија со нови податоци.

До преку 400 фирми со заостанати неподмирени обврски по оснсв на членарина за 5 и повеќе години се испратени известувања/предупредувања пред исклучување со адекватни пропратни материјали и објаснувања. Со оглед на минималниот одзив и големиот број вратени писма, констатирано е дека фирмите се недостапни поради промена на адреса, бришење од трговскиот регистар, стечај, ликвидација и сл. Мал процент од фирмите имаа позитивна реакција и со секоја од нив е посебно работено за правно-финансиско регулирање на обврските и добивање **повторен статус на членка во GS1 Македонија**.

Решавање на проблемот со нередовното подмирување на обврските е приоритена задача на Стручната служба во континуитет со години наназад, но во 2010 година се преземени опсежни активности, со цел „чистење" на базата, одн. добивање реална слика за состојбата со активните членки и реални извештаи за фактурирана и наплатена реализација.

Во текот на 2010 год. испратени се вкупно **1,131 фактура** за подмирување на тековната годишна членарина со опомена за неплатените фактури за изминатите години. Изготвени се 146 книжни одобренија поради неможност за наплата по

различни основи (стечај, ликвидација, аплицирале но не се зачлениле, доброволно се откажале, исклучени поради неплаќање). Тоа значи дека останале реално 985 фактури за наплата, од кои се наплатени 612 фактури (519 од стари членки и 93 од нови членки), што значи 62% реализација (фактурирано и наплатено во тековната 2010 година). Дополнително се наплатени и 338 фактури од изминатите години, од проблематични членки со кои е многу работено за да се убедат да подмират стари повеќегодишни обврски ( и до 10 години). Изразено во вредносни показатели (5,672,490 денари наплатени по фактури од 2010 година, или 69% од вкупните приходи и наплатени 2,516,774 денари по фактури од изминати години, или 31% од вкупните приходи), обезбедена е **100% реализација**, што претставува голем успех со оглед на акутниот проблем на македонското стопанство во поглед на неизмирените должничко-доверителните односи.

За да се обезбеди зголемената видливост и распознатливост на производните програми и услуги на постојните и новите членки на GS1 Македонија, меѓутоа и GS1 Македонија да одговори на своите меѓународни обврски, се собираат податоци за оформување на базата за **Регистарот на баркодираните производи**.

## *2. Проект Акредитација*

Воспоставениот систем на Цертифицирана Акредитација е **во светски рамки уникатна, оригинална и сопствена креација на GS1 Македонија**. Тоа е нов модел за утврдување и промоција на успешноста и деловната етика на фирмите членки на GS1 Македонија.

Со системот на акредитација се обезбедува популаризирање и видливо промовирање на членките кои редовно ги подмируваат своите обврски по основ на членарина.

Членувањето во GS1 системот, согласно принципите на Меѓународна GS1 организација е доброволно, поради што, освен статутарните одредби на GS1 Македонија не постои друга позитивна национална законска регулатива која ја регулира оваа материја во корист на GS1 Македонија.

Поради непостоење на законски санкционен механизам со кој членките на GS1 Македонија би се приморале да ги подмируваат обврските по основ на членарина, **системот на Акредитација создава и промовира интерен механизам за зголемување на наплатата на членарината.**

На web сајтот на GS1 Македонија се поставени две спротивставени листи (акредитирани членки и членки со згаснато /одземено/ членство). Со web промоцијата на акредитираните членки е зголемен интересот на членките да се најдат на позитивната листа, односно поажурно да ја подмируваат тековно фактурираната и заостаната членарина.

Системот на цертифицирана Акредитација наметнува дополнителни ангажмани и административни процедури на Стручната служба на GS1 Македонија, но компензацијата е во задоволството на членките, нивните пофалби и зголемување на наплатата на членарината.

Во 2010 година издадени се на членките на GS1 Македонија кои редовно ја подмируваат членарината или се новозачленети, вкупно **980 плакети на Акредитација** за едногодишно цертифицирано користење на доделениот Единствен матичен GS1 број, по квартали од денот на зачленувањето, со посебно изготвени пропратни писма и решенија за секоја членка пооделно.

За GS1 Македонија се остварени големи бенефити, на национално ниво- формиран е механизам за редовно подмирување на членарината и заштита на брендот, а на меѓународно ниво- со интернационализацијата на Проектот Акредитација и негова промоција, иницирани се слични проекти со цел заштита од фалсификување и нелегитимно користење на баркодовите.

## 3. Проект GEPIR

Реализацијата на овој проект продолжува и во 2010 година. Сите активни членки на GS1 Македонија се ´"видливи" и "распознатливи" во целиот свет. GEPIR обезбедува да сите основни податоци за членките на GS1 Македонија бидат на располагање на сите учесници во GS1 семејството од преку 1 милион компании. Заинтересираната странка (пребарувачот) по електронски пат може да се поврзе на електронскиот каталог на GS1 Македонија и да ги преземе потребните информации за членката, со што се овозможува меѓусебно пронаоѓање и поврзување на деловните партнери. Членките се особено задоволни што GS1 Македонија им овозможува бесплатна интернет промоција 365 дена, 24 саати дневно, им создава реални услови за контрола на сопственоста на брендот на одделни производи, придонесува за сузбивање на сивата економија, фалсификати и др.

## 4. Национална и меѓународна афирмација, презентација и промоција на GS1 Македонија

Во извештајниот период значителни напори се вложени во афирмација, презентација и промоција на GS1 Македонија, и тоа:

- Написи објавувани на web сајтот на GS1 Македонија;
- Реализација на проектот АКРЕДИТАЦИЈА;
- Реализација на проектот GEPIR;
- Организирање на семинари;
- Публицистичка и издавачка дејност.

### 4.1 Меѓународна афирмација

Ажурно и континуирано е остварувана соработка со GS1 Global Office и GS1 in Europe и подготвувани извештаи за активностите по одделни проекти.

GS1 Македонија учествуваше во работата на GS1 Global Forum 2010 (Брисел, Белгија, февруари 2010) и на Регионалниот Форум на GS1 in Europe (Даблин, Ирска, октомври 2010). Изготвени се извештаи за двете учества и доставени до Управниот одбор на GS1 Македонија.

### 4.2 Зголемено користење на web сајтот на GS1 Македонија

Web сајтот на GS1 Македонија се´ помасовно се користи од сите заинтересирани - потенцијалните и постојните членки. Корисниците многу високо ја оценија и ја дефинираа како голема помош во нивната едукација во оваа област, лесна достапност до бараните услуги, бидејќи презентираните содржини се прилагодени на нивните потреби и нивото на информатичката опременост. Со тоа е зголемена видливоста на GS1 Македонија, олеснето е зачленувањето, а членките создадоа навика на негово користење при дневната имплементација на GS1 стандардите.

### *4.3 Публицистичка и едукативна дејност*

Публицистичката програмска активност е реализирана со подготовка, изработка и издавање на поголем број брошури со основни упатства и одделни стручни прашања за правилната примена на GS1 системот на стандарди, особено во областа Следливост, кои се поставени на web сајтот на GS1 Македонија, достапни за користење до најшироката јавност.

Едукативната дејност перманентно се одвива со секоја новозачлента фирма преку индивидуално концепирани обуки во зависност од дејноста на фирмата и нејзините потреби за баркодирање, при што се врши и презентација на правилната примена на GS1 стандардите и се даваат техничко - технолошки упатства за баркодирањето на призводите. На барање на одделни фирми се врши и дополнителна едукација и се пружа помош при имплементирање на специфичните видови бар кодови.

### *4.4 Семинари од областа на следливоста*

Вклопувајќи се во актуелноста на трансформацијата на здравствениот сектор во Република Македонија, а со цел забрзување на реформите, GS1 Македонија во соработка со GS1 Србија, на 10 јуни 2010 година, одржа семинар „ GS1 стандардите во функција на следливост (Traceability – Track and Trace)”.

Присуството на околу 100 учесника на семинарот, покажа дека во Македонија постои огромен интерес за едукативни семинари од областа на примената на GS1 стандардите во здравството и фармацијата. Меѓу учесниците беа еминентни претставници на: Министерството за здравство, Фондот за здравство, Бирото за лекови, Медицинскиот факултет, институтите, клиниките, приватните болници, веледрогериите, аптеките, производителите на фармацевтски производи и медицинска опрема, претставници на бизнис заедницата од менаџментот, раководители на информатичките сектори, логистиката и означувањето, софтверските куќи.

Семинарот ја оствари својата цел- да се поттикне развојот и оптимизацијата на употребата на GS1 глобалните стандарди и решенија, како и зголемување на општата свест за неопходноста од примената на новите технологии и методи, т.е електронско работење во областа на здравството и фармацијата. Со воспоставување на информатички здравствен систем ќе се унапреди работата и заедничката соработка на организациите од сите сегменти на здравствениот сектор.

Излегувајќи во пресрет на многубројните барања на нашите членки за дополнителна едукација од областа на следливоста, GS1 Македонија во соработка со GS1 Хрватска, на 29 септември 2010 организира семинар „ СЛЕДЛИВОСТ ( Traceability) предизвик за македонското стопанство и решенија што ги нуди Меѓународниот GS1 систем на стандарди”. Одзивот беше над очекувањата со 170 присутни. Покрај набројаните профили на учесници кои беа присутни како на првиот, така и на вториот семинар, на вториот семинар активно учество земаа и највисоките претставници на двата органи на дражавната управа најадекватни и најодговорни за спроведување на следливоста во Р. Македонија : Дирекција за храна при Министерството за здравство и Управата за ветеринарство при Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство.

Учесниците на двата семинара се здобија со нови сознанија дека со имплементација на GS1 стандардите во процесот на следливост се овозможува ефикасна заштита од фалсификати на лекови, храна, трговски брендови, се обезбедува максимална заштита на пациентите и потрошувачите, а производителите и трговците реализираат огромни заштеди.

На двата семинара беа презентирани позитивните резултати постигнати со апликативната примена на GS1 стандардите за следливост во Србија и Хрватска . Беа опфатени и новите области на примената на GS1 стандардите на меѓународно ниво, нпр. во мобилната комерција, означување на повратната амбалажа - палети, во евиденција на железничкиот транспорт, во армијата, обезбедување идентификација и следливост уште при влезот на суровините за производство.

## *5. Усогласување на организацијата и работата на GS1 Македонија со правилата и актите на Меѓународната организација GS1*

Трансформирањето на GS1 Македонија во самостоен правен субјект е извршено со цел неопходното усогласување со Статутот и актите на Меѓународната GS1 организација и работењето на сите национални GS1 организации во Европа и светот, при тоа запазувајќи ги сите пропишани процедури. Продолжува во континуитет работењето на GS1 Македонија со неизменети меѓусебните права и обврски со членките, сегашните и идните корисници на GS1 системот на стандарди за автоматска идентификација на производите и услугите.
Целата процедура за статусните трансформации е извршена под водство и мониторинг на GS1 Global Office – Brussels.

Активностите за усогласување на организацијата и работењето на GS1 Македонија согласно со правилата и актите на Меѓународната организација GS1 се комплетно завршени, односно:

- Конституирани се Собранието и Управниот одбор на GS1 Македонија;
- Избран е Претседател и заменик претседател на Собранието и Претседател на Управниот одбор;
- Именуван е генерален извршен директор на GS1 Македонија;
- Донесени се: Статутот на GS1 Македонија, Програма на активности и Финансиски план за 2010 година и усвоени се Извештајот за работата и Финансискиот извештај за 2009 година.

Од 01.4.2010 GS1 Македонија премина со работа во нови простории.

За одржување на континуитет во контактите со членките, тимот на GS1 Македонија вложи вонредни напори за да навремено ги информира членките и упати на измирување на обврските на новата жиро сметка. Испратени се 1,300 писма по пошта со соодветно концепирано известување, а на барање на членките и по е-маил, по факс и телефон.

Информациите за извршените статусни и статутарни измени и усогласувањата транспарентно се објавени на web сајтот и се доставени до членовите на органите на GS1 Македонија, со цел адекватно да се информиираат сите членки на GS1 Македонија и Македонската бизнис заедница за настанатите измени кои GS1 Македонија мораше да ги изврши за да работењето го усогласи со барањата на Меѓународната GS1 организација.

### *5.1 Реорганизација на тековното работење на GS1 Македонија со постојните и потенцијалните членки*

Извршените измени и усогласувања наметнаа потреба за функционална реорганизација на GS1 Македонија, односно:

- Членувањето во GS1 Македонија, согласно со критериумите и барањата на Меѓународната GS1 Организација се регулира со Договор кој прецизно ги дефинира правата и обврските на договорните страни;
- Изготвени се нови печати (на македонски и англиски јазик) на GS1 Македонија и нов печат за сувиот жиг за Акредитациите;
- Корегирана е комплетната документација за зачленување во GS1 Македонија:
  - Пристапница за членување во GS1 Македонија;
  - Анкетен формулар (Формулар GS1-01: Основни информации за фирмата – потенцијална членка на GS1 Македонија, односно за собирање на податоците од фирмите заради ажурирање на постојната база на GS1 членките); Формуларите GS1 -02 и GS1 -03 се адекватни анкетни формулари за собирање на податоци за баркодираните артикли/производи кои што се неопходно потребни за формирање на Регистар на баркодираните производи во Македонија и Глобалниот трговски регистар (GTIN), односно се основен предуслов за вклучување на GS1 Македонија во проектите на Меѓународната GS1 организација;
  - Договор за членување во GS1 Македонија;
  - Известување за доделување на Единствен матичен GS1 број;
  - Решение за доделување Единствен матичен GS1 број;
  - Решение за доделување на Акредитација;
  - Фактура;
  - Плакетата за Акредитација;
  - Сите брошури;

- Соодветни документи (меморандуми, коверти и др.) за административни потреби на GS1 Македонија.

## 6. ***Финансиски резултати* за I-XII и за IV-XII 2010**

**Кумулативно за 12 месеци (јануари-декември) 2010год. остварен е вкупен приход од 8.189.264 ден, те. 133.160 евра, што претставува зголемување од 43,0 % во споредба со 2009 год** (5.724.544 ден., те. 93.082 евра).

**Кумулативно за 9 месеци (април-декември) 2010 год. ( самостојна GS1), остварен е вкупен приход од 6.907.914 ден, те, 112.325 евра, што претставува зголемување од 64,0% во споредба со истиот период 2009 год.** (4.221.294 ден, те. 68.639 евра).

| **Компаративен преглед на вкупен приход<br>април-декември 2010/2009<br>кумулатив и по месеци** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2010 год** | | **2009 год** | | |
| | **Денари** | **Евра** | **Денари** | **Евра** | **Индекс** |
| Април | 760.000 | 12.358 | 725.450 | 11.796 | ***+105*** |
| Мај | 1.068.050 | 17.367 | 417.200 | 6.784 | ***+256*** |
| Јуни | 670.524 | 10.903 | 441.950 | 7.186 | ***+152*** |
| Јули | 645.050 | 10.489 | 632.700 | 10.288 | ***+102*** |
| Август | 606.000 | 9.854 | 233.150 | 3.791 | ***+260*** |
| Септември | 807.850 | 13.136 | 459.824 | 7.477 | ***+176*** |
| Октомври | 675.350 | 10.981 | 464.720 | 7.556 | ***+145*** |
| Ноември | 827.890 | 13.461 | 417.500 | 6.789 | ***+198*** |
| Декември | 847.200 | 13.776 | 428.800 | 6.972 | ***+198*** |
| **Вкупно** | **4.557.474** | **74.107** | **2.910.274** | **47.215** | **+164** |

Евидентен е трендот на континуирано зголемување на приходите од осамостојувањето на GS1 Македонија. Остварените и прикажаните елементи на финансиското работење на GS1 Македонија во текот на 2010 година се исклучително задоволителни, во услови на глобална криза и националниот актуелен проблем со должничко-доверителните односи и блокираните жиро сметки на македонските компании. И покрај незадоволителниот и нередовниот одзив на постојните членки во регулирањето на обврските по основ на членарината, со максимални напори на целиот тим на GS1 Македонија наплатени се голем број заостанати побарувања по основ на членарина, реактивирани се фирми со долгогодишни неизмирени обврски и зголемена е свеста кај бизнис заедницата за користење на GS1 системот на стандарди во деловното работење.

**Извршен директор,**

**Слаѓана МИЛУТИНОВИЌ**

Скопје, Април 2011 година